**Коментар на неревидиран консолидиран**
**Биланс на успех и Биланс на состојба**
**на Комерцијална банка АД Скопје**
**за периодот 01.01- 30.06.2023 година**

Согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи од НБРМ, за групата правни субјекти што се под контрола на матична банка се изработуваат консолидирани финансиски извештаи.

Консолидираниот неревидиран Биланс на успех и Биланс на состојба на Банката за периодот 01.01-30.06.2023 година се состои од Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје и на подружницата КБ Публикум инвест АД Скопје – Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, претставени како биланси на едно правно лице.

Во периодот 01.01-30.06.2023 година, групата на консолидирана основа има остварено позитивен финансиски резултат во износ од 2.004,3 милиони денари, наспроти остварениот позитивен финансиски резултат во износ од 1.131,9 милиони денари во истиот период од минатата година.

Вкупната актива на консолидирана основа изнесува 155.969,5 милиони денари и е зголемена за 3,3% во однос на декември 2022 година.

Скопје, 27.07.2023 година.